# 0542 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ПОВРЗАНО СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ СО ПОВЕЌЕКРАТНА УПЛАТА НА ПРЕМИЈА КАДЕ ОСИГУРЕНИКОТ ГО НОСИ ИНВЕСТИЦИОНИОТ РИЗИК

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овие Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со повеќекратна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик (во понатамошниот текст: Посебни услови) се уредуваат меѓусебните односи на учесниците на договорот за осигурување на живот.

(2) Овие Посебни услови се составен и неразделен дел на договорот за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со повеќекратна уплата на премија каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик (во понатамошниот текст: осигурување на живот) кој договорувачот на осигурување го склучува со Кроациа Осигурување – АД Друштво за осигурување на Живот.

**Член 2**

Одделните поими кои се користат во овие Посебни услови го имаат следното значење:

- **понуда** е предлог за склучување на договор за осигурување на живот и се поднесува во писмена форма на образец на осигурувачот;
- **понудувач** е лице кое има намера да склучи договор за осигурување на живот и за таа цел поднесува писмена понуда до осигурувачот;
- **осигурувач** е Кроациа осигурување АД-Друштво за осигурување на живот Скопје;
- **договорувач** е лице кое склучува договор за осигурување со осигурувачот и превзема обврска за плаќање на премии и други обврски што врз основа на договорот настануваат за страната која се појавува наспроти осигурувачот. Ако се склучува взаемно осигурување на две лица, договорувач на осигурувањето мора да биде еден од осигурениците;
- **осигуреник** е лицето на кое се однесува осигурувањето и од чиедоживување или смрт зависи исплатата на договорената осигурена сума;
- **корисник на осигурувањето** е лицето во чија корист се договара осигурувањето и на кое му се исплатува договорената осигурена сума;
- **договорена осигурена сума** (во понатамошниот текст: осигурена сума) е сумата определена со договорот која осигурувачот е должен да ја исплати кога ќе настане осигуран случај;
- **полиса** е исправа за склучениот договор за осигурување на живот;
- **премија на осигурувањето** е износ што договорувачот е должен да му го плати на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување на живот Премијата се состои од премија за вложување- инвестициски дел, премија за покритие на осигурување на ризик од смрт и трошоци за спроведување на осигурувањето.
- **инвестицискиот дел на премијата** е наменет за купување на удели во фонд, односно фондови. Сопственик на уделите во инвестицискиот фонд односно фондови е Кроациа Осигурување- АД-Друштво за осигурување Скопје;
- **премијата за покритие на ризик од смрт** ги покрива годишните износи за осигурување, а висината се утврдува со тарифник на Осигурувачот;

- **трошоците за спроведување на осигурувањето** се дел од премијата кој се однесува на покривање на трошоци за стекнување, административни трошоци, влезни и излезни надоместоци на инвестицискиот фонд, ако ДУИФ во согласност со проспектот на фондот истите ги наплаќа и други трошоци поврзани со спроведување на осигурување и пресметуваат од вкупниот износ на премијата за секоја година од времетраење на договорот за осигурување;
- **осигурен случај** е иден, неизвесен настан независен од исклучивата волја на договорувачот или осигуреникот, кој може да предизвика штета и кој припаѓа во ризиците што осигурувачот ги покрива со својата дејност;
- **осигурена сума во случај на доживување** е вредноста на инвестиционото портфолио по истек на осигурувањето;
- **инвестициско портфолио** е лична сметка која е отворена кај осигурителот ина која се евидентира вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд заеден договор за осигурување;
- **друштво за управување со инвестициски фондови** е  акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија кое добило дозвола од Комисијата за хартии од вредност за вршење на работи за основање и управување со инвестициски фондови;
- **вредност на инвестиционо портфолио** е производот од бројот на купените удели и цената на уделот на денот на пресметката;
- **инвестициски фонд** се здружени парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститори преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови;
- **проспект** на фондот е документ во кој се содржани сите информации битни за носење на информирана одлука за вложување во фонд, а посебно детални информации за стратегијата на вложување на имотот, целите и инвестиционата политика на фондот, како и профилот на вложувањата за кои е наменет фондот иризиците поврзани за вложувањата. Ажурирана верзија на проеспектот се наоѓа на интернет страницата на осигурувачот и друштвото за управување со инвестициски фондови заедно со останатите документи на инвестицискиот фонд;
- **документот со клучни информации** ги содржи сите клучни информации за оваосигурување на живот, а се доставува на договорувачот на осигурувањето пред склучување на договор за осигурување на живот како би можел договорувачот дадонесе одлука за склучување на договор за осигурување на живот. Ажурирана верзија на документот со клучни информации се наоѓа на интернет страницата наосигурувачот;
- **удел** е сразмерен пресметковен дел од вкупната вредност  на инвестицискиот фонд кој зависи од висината на влогот во инвестицискиот фонд и цената на еден инвестиционен удел на денот на инвестирањето;
- **цената на уделите во отворен инвестициски фонд**  се пресметува кога нето вредноста на имотот на фондот ќе се подели со бројот на издадените удели, при што нето вредноста на имотот на фондот е пресметана согласно Законот за инвестициски фондови, а бројот на издадени удели е еднаков на бројот на уделите во моментот на пресметување на цената, земајќи ги во предвид сите продажби и откупи извршени од моментот на последната пресметка до моментот на пресметката на новата цена;
- **вредност на имотот на инвестицискиот фонд** е збир на вредноста на хартиите од вредност во портфолиото на инвестицискиот фонд, паричните депозити на фондот кај банките и друг имот на фондот;
- **нето вредност на имотот на инвестицискиот фонд** е вредноста на имотот

намалена за износот на обврските на фондот;

- **надомест за случај на смрт** одговара на збирот на износите на осигураната сума во случај на смрт и вредноста на инвестициското портфолио од петтиот работен ден по денот на поднесување на барањето за штетен надомест;

- **надомест за доживување** е вредноста на инвестициското портфолио на денот на доспевање (истек) на полисата.
- **пристапна старост** претставува разликата помеѓу календарската година во која почнува осигурувањето и календарската година на раѓање на осигуреникот.
- **математичка резерва** е вид на техничка резерва која се пресметува и издвојува за подмирување на идните обврски по однос на долгорочните договори за осигурување на живот;
- **капитализација** е намалување на осигурените суми поради престанок на плаќање на премијата по изминување на определен временски период;

**Член 3**

(1) Инвестициското осигурување на живот е осигурување на живот кај кое договорувачот го сноси ризикот на вложувањето каде што инвестицискиот дел од премијата, по намалувањето за премијата за осигурување на живот е директно врзана за цената на уделите на отворен инвестициоскиот фонд наведен на полисата за осигурување.

(2) Договорувачот во целост го сноси сам ризикот од вложувањата во инвестицискиот фонд. Стратегијата на вложување, целите и инвестиционите политики на инвстициониот фонд, како и ризиците поврзани со вложувањата се детално опишани во Проспектот на инвестицискиот фонд.

(3) Премијата за осигурување се плаќа повеќекратно и се состои од:
- Премија за осигурување на живот;
- Премија за вложување;
- Трошоци за спроведување на осигурувањето

Премијата за осигурување на живот ги опфаќа:
- ризиците поврзани со настанување и исплата на осигурена сума при настанување на осигурен случај и
- исплата на осигурена сума за доживување на крајот на важноста на договорот за осигурување.

Премијата за вложување е дел од премијата кој е наменет за купување на удели во инвестициски фонд.

Соодносот на делот од премијата за осигурување на живот и делот за вложување се определува договорно, во понудата за осигурување која се пополнува и потпишува од страна на договорувачот и осигуреникот. Осигурувачот за секој договорувач и поединечна полиса води посебна евиденција во регистарот на удели во кој ги евидентира уделите во отворените инвестициски фондови кои се стекнати со премијата за вложување, и во кој се водат податоците за бројот, вредноста на купените удели и промена на состојбата на уделите.

(4) Договорувачот неотповикливо го овластува осигурувачот во негово име да купува удели од инвестицискиот фонд.

(5) Со договорт за осигурување на живот, договорувачот се обврзува на осигурувачот да му ја уплати премијата на осигурувањето, а осигурувачот се обврзува, со настанувањето на осигурениот случај, да му ја исплати на корисникот осигурената сума и вредноста на инвестициското портфолио како

следи:

- Во случај на смрт поради болест се исплаќа осигурената сума за случај на смрт, и вредностана инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фондна 5 (петтиот) работен ден од денот на прием на пријавата за осигурен случајкај осигурувачот.
- Во случај на смрт поради незгода се исплаќа осигурена сума за случај на смрт поради незгода наведена во полисата, и вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на 5 (петтиот) работен ден од денот на прием на пријавата за осигурен случај кај осигурувачот.
- Во случај на доживување се исплаќа вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на последниот ден на важност на осигурувањето.

(6) Вредноста на инвестициското портфолио не е загарантирана при истекот на осигурувањето, при откуп и при настанување на ризикот смрт. Со зголемување на цената на единиците на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот, додека со намалување на цената на единиците на инвестицискиот фонд, се намалува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот.

(7) Бројот на удели кој што се вложува во инвестицискиот фонд во име на Договорувачот зависи од цената на уделите на датумот на купувањето. Цената на уделите на инвестицискиот фонд се утврдуваат во согласност со Правилата на работење и Проспектот на фондот.

(8) Согласно овие Услови можат да се осигураат здрави лица со навршени 14 (четиринаесет) години на живот, па сè до завршувањето на календарската година во која осигуреното лице навршило 65 (шеесет и пет) години на живот.

(9) Лицата од став (8) на овој член, зависно од висината на осигурената сума, како и болни лица можат да се осигураат врз основа извршен лекарски преглед, односно врз основа на процена на ризикот на осигурувачот, со примена на одредбите на Посебните услови за осигурување на зголемени ризици (анормален ризик) со осигурување на живот.

(10) Сите изјави и барања на договорните страни се поднесуваат исклучително во писмена форма, а се смета дека се доставени оној ден кога ги примила договорната страна до која се испратени. Во случај кога изјавата, односно барањето се доставува по пошта, како ден на приемот, за секоја договорна страна, се смета датумот на поштенскиот жиг.

## II. ПОНУДА

**Член 4**

(1) Пред пополнување и потпишување на Понудата Осигурувачот на Договорувачот на осигурувањето/осигуреникот му ги дава во писмена форма преддоговорните информации, документот со клучни информации, како и сите податоци согласно членовите 49 и 50 од Законот за супервизија во осигурувањето со разумно време за донесување на конечна одлука за пополнување и потпишување на Понудата и склучување на Договорот за осигурување.

(2) Понудата за осигурување на живот, поднесена на образец на осигурувачот, е составен и неразделен дел на договорот и ги содржи сите битни елементи на договорот за осигурување на живот.

(3) Понудата мора да се пополни целосно, вистинито и точно, и во неа мора да се наведат сите факти значајни за преземањето на ризиците и склучувањето на

договорот за осигурување на живот.

(4) Осигурувачот има право, по приемот на понудата, да побара и дополнителни податоци, односно утврдување на дополнителни факти битни за склучување на договорот, вклучувајќи и лекарски преглед на осигуреникот.

(5) Осигуреникот мора да ја потпише понудата во случај кога договорувачот нее воедно и осигуреник, и потписот на осигуреникот на понудата ќе се смета за негова согласност за склучување на Договорот за осигурување на живот под условите наведени во понудата.

**Член 5**

(1) Писмената понуда за склучување на договорот го обврзува осигурувачот да одговори на понудата 8 (осум) дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата за осигурување и дополнителна документација доколку е потребна без лекарски преглед, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од 30 (триесет) дена сметано исто така од денот кога ја примил понудата и дополнителна документација. Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од условите на осигурувачот под кои се склучува предложеното осигурување, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен.

(2) Договорувачот, како и самиот осигуреник, должни се за време на траењето на осигурувањето да го известат осигурувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оценка на ризикот и кои се битни за договореното осигурување, особено ако осигуреникот за време на осигурувањето ја промени професијата, занимањето (пилот, пиротехничар-демонтер на мини, нуркач, рудар) или започне да се занимава со некои од спортовите (алпинизам, банџи-џампинг, параглајдинг, нуркање, летање со змеј) односно дејностите за кои осигурувачот пресметува доплатна премија.

(3) Договорувачот е должен, согласно став 2 од овој член, без одлагање да го извести осигурувачот за зголемувањето на ризикот, ако ризикот е зголемен со некоја негова постапка, а ако зголемувањето на ризикот се случило без негово учество тој е должен да го извести во рок од 14 дена од кога дознал за тоа

(4) Осигурувачот го задржува правото да ја одбие понудата за осигурување без наведување на причините за одбивање на понудата, а понудата со приложените документи, освен документите предадени во оригинал, не му се враќаат на договорувачот.

## III. ПОЛИСА

**Член 6**

(1) Полисата за осигурување содржи: назив на осигурувачот, име и презиме или назив на договорувачот, име и презиме на осигуреникот и датум на раѓање, осигуран случај, почеток и истек на осигурувањето, осигурана сума во случај на смрт, премија на осигурувањето, корисник во случај на смрт односно доживување, број на удели, цена на удели на денот на купување, датум на купување на удели, името на Друштвото за управување со инвестицискиот фонд односно фондови, назив на фонд односно фондови, распределба на премија за вложување, осигурување и трошоци за спроведување на осигурувањето.

(2) Полисата за осигурување на живот е доказ за склучен договор заосигурување на живот.

(3) Договорот за осигурување на живот е склучен кога договорувачот и осигурувачот потпишале понуда за осигурување на живот.

(4) Потписите на договорувачот и осигуреникот на понудата за осигурување на живот се сметаат за потпис на полисата.
(5) Составен дел на договорот за осигурување на живот се: понудата, здравствениот прашалник, полисата, овие Услови, документот со клучни информации, проспектот на инвестициониот фонд, и други прилози и додатоци кон полисата, согласноста од Договорувачот како и можните посебни писмени изјави на договорувачот, осигуреникот и осигурувачот. Доколку осигурувачот проценил зголемен ризик согласно член 3 став (8) од овие Услови, составен дел на договорот се и Посебните услови за осигурување на зголемен ризик (анормален ризик) со осигурување на живот.
(6) Како составен и неразделен дел на договорот за осигурувањето на живот, на задната страна од полисата се содржани Таблицата на откупни вредности и Таблицата на намалени осигурени суми без понатамошно плаќање на премијата (капитализација).
(7) Покрај осигурување на живот по овие Посебни услови можат да се договорат и дополнителни осигурувања, според дополнителните услови на осигурувачот. Ако со осигурување на живот се договори и дополнително осигурување, составни делови на договорот се и дополнителните услови на осигурувачот за соодветното дополнително осигурување, кои му се предаваатна Договарачот на осигурување заедно со полисата и посебните услови за осигурување, што соодветно се забележува на полисата.

**Член 7**

(1) Полисата може да гласи на одредено лице или по наредба, но не може дагласи на доносител.
(2) Осигурувачот издава полиса во еден примерок според податоците од понудата. Ако полисата суштински се разликува од понудата и другите писмени изјави на договорувачот, тој може писмено да достави приговор во рок од еден месец од приемот на полисата. Ако тоа не го стори, содржината на полисата важи.

## IV. ПОЧЕТОК И ИСТЕК НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 8**

(1) Почетокот, времетраењето и истекот на осигурувањето се дефинирани во понудата и полисата.
(2) Осигурувањето на живот започнува во 00:00 часот оној ден што е наведен во полисата како почеток на осигурувањето.
(3) Обврската на осигурувачот почнува во 00:00 часот оној ден што во полисатае наведен како почеток на осигурувањето, но само ако дотогаш е.платена премијата или нејзната прва рата.
(4) Ако премијата или нејзината прва рата не е платена до почетокот на осигурувањето или во договорениот рок, обврската на осигурувачотпочнува во 00:00 часот оној ден кога премијата или нејзината прва рата е платена во целост, но не пред почетокот на осигурувањето.
(5) Осигурувањето на живот трае до смртта на осигуреникот, а најдолго до 00:00 часот оној што во полисата за осигурување е наведен како истек на осигурувањето.
(6) Взаемното осигурување на живот на две лица трае до смртта на едниот од осигурениците, односно најдолго до 24:00 часот оној ден што во полисата за осигурување е наведен како истек на осигурувањето.
(7) Како исклучок од одредбите на овој член, во периодот од приемот на понудата

и капарот кај осигурувачот до почетокот на осигурувањето според овие Посебни услови, осигуреникот има привремена осигурителна заштита за случај на смрт поради несреќен случај. Привремената осигурителна заштита му одговара на износот на осигурената сума за доживување наведена во понудата, но не може да биде поголема од денарската противвредност на 10.000 ЕВРА и во важност е само ако осигуреникот во време на поднесувањето на понудата бил во потполност способен за работа и ако не бил на лекување или лекарска контрола, или боледувал од некоја болест, или се занимавал со професија или спорт кои би го попречувале приемот во осигурување. Ако се понудени повеќе осигурувања на живот на исто лице, горната граница на вкупното привремено покритие не може да биде поголема од денарската противвредност на 10.000 ЕВРА.

(8) Ако за склучување на осигурувањето е потребен лекарски преглед, привремената осигурителна заштита почнува од денот кога потребните лекарски наоди и мислења ќе му бидат доставени на осигурувачот.

(9) Привремената осигурителна заштита престанува со почетокот на обврската на осигурувачот во смисла на став (2) на овој член или со одбивањето на понудата.

(10) На осигурувачот, во случај на исплата на надомест врз основа на став (6) на овој член, му припаѓа првата годишна премија и тој износ се одбива при исплатата на надоместот.

(11) Во секој случај осигурувањето на живот престанува да важи кога:

- ќе настане осигурениот случај и ќе се исплати осигурената сума вклучувајќи ја и вредноста на инвестициското портфолио;
- ќе биде исплатена откупната вредност на полисата, односно вредноста на инвестициското портфолио на денот на откуп;
- ако не е платена премијата согласно овие услови;
- во календарската година кога осигуреникот ќе наполни 75 години старост;
- во случај на раскинување или поништување на договорот за осигурување согласно овие услови или согласно Закон.

## V. ОСИГУРЕНА СУМА И ПРЕМИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 9

(1) Премијата на осигурувањето, како и висината на осигурената сума, спогодбено ја утврдуваат договорувачот и осигурувачот врз основа на податоците од понудата, важечките ценовници, пристапната старост на осигуреникот, полот, професијата,занимањето спортот, времетраењето на осигурувањето и роковите на плаќање на премијата.

(2) Кај зголемен ризик можат да се договорат дополнителни премии или посебни услови.

### Член 10

(1) Премијата на осигурувањето и осигурената сума се договорат во ЕВРА или денари. Премијата по правило се плаќа во денари во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РСМ. на денот на уплатата. Доколку законските прописи кои го регулираат платниот промет со странски средства на плаќање дозволуваат уплати на премии во ЕВРА плаќањето може да биде извршено и во ЕВРА.

(2) Договорувачот е должен да ја плаќа премијата во договорените рокови и на договорениот начин, а осигурувачот е должен да ја прими премијата од секое

лице кое има правен интерес премијата да биде платена.

(3) Премијата се плаќа на благајните на осигурувачот или се уплатува преку носител на платен промет (банка, пошта или друга финансиска институција).

(4) Се смета дека премијата е платена оној ден кога осигурувачот ја примил уплатата.

(5) Ако уплатата на премијата не може да се спроведе од причини за кои е одговорен договорувачот, се смета дека премијата е платена оној ден кога е реализирана уплатата.

(6) Ако договорувачот доцни со плаќањето на една или повеќе премии, со плаќањето на премијата најпрво се подмируваат неплатените премии достасани за наплата.

(7) Премијата се плаќа во полн износ без намалување за трошоците на платниот промет.

## VI. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 11**

(1) Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да јаплати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.

(2) Ако во рокот утврден со препорачаното писмо од став (1) на овој член достасаната премија не ја плати договорувачот ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може:

1. со изјава да го раскине договорот, ако премијата била платена за помалку од 3 (три) години и во тој случај дотогаш уплатената премија не му се враќа на договорувачот, или
2. ако се платени најмалку три годишни премии да му изјави на договорувачот дека ја намалува осигурената сума во случај кога се исполнети претпоставките за капитализација утврдени во член 26 на овие Посебни услови.

(3) Ако осигурениот случај настанал пред раскинувањето на договорот или намалувањето на осигурената сума, се смета дека осигурената сума е намалена ако се исполнети претпоставките за капитализација утврдени со овие Посебни услови, односно дека договорот е раскинат.

(4) Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со одредбите на член 25 на овие Посебни услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигурителната година во која настапила смрт на осигуреникот.

(5) Во случај на капитализација, осигуреникот е осигурен во висина на вредноста на имотот на инвестициската сметка за случај на смрт и доживување, а дополнителните осигурувања кои се приклучени кон основното осигурување престануваат да важат.

## VII. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРФОЛИО

**Член 12**

(1) Уплатената премија за осигурување, намалена за премијата за осигурување на живот ја сочинува вредноста на инвестициското портфолио. Осигурителотза секој договорувач и поединечна полиса отвара и води инвестициско портфолио во регистарот на удели

(2) Бројот на удели зависи од цената на уделите на фондот на денот на

купувањето.

(3) Купувањето на удели во отворените инвестициски фондови Осигурителот го врши во рок од најмногу 15 (петнаесет) дена од денот на уплатата на премијата за вложување

(4) Сопственик на уделите во инвестицискиот фонд е Осигурувачот.

(5) Осигурувачот е должен до Договорувачот и осигуреникот да достави годишен извештај за склучениот договор за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови најдоцна во рок од 30 дена од завршувањето на деловната година. Годишниот извештај содржи податоци за: сите уплати по основ на премија за осигурување  и распределба на премијата; износот на инвестициското портфолио на почетокот на деловната година (вклучително и бројот на удели и цената на уделот), односно од почетокот на до-говорот за осигурување доколку е склучен во текот на деловната година; промените што се настанати во деловната година, одделно за секоја промена во инвестициското портфолио (број на удели, цена на уделот и датум на промена и опис на трансакцијата и износот на инвестициското портфолио на крајот на годината (вклучително и бројот на удели и цената на уделот).

(6) Исто така, осигурувачот е должен на својата интернет страна да обезбеди дневни податоци за вредноста на уделите на отворениот инвестициски фонд или линк до официјално објавени дневни податоци за вредноста на уделите на отворениот  инвестициски фонд.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРУВАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 13**

(1) Договорувачот е должен при склучување на договорот да му ги пријави на осигурувачот сите околности кои се значајни за оцената на ризикот, а кои му се познати или не можеле да му останат непознати. За важни се сметаат особено оние околности за кои осигурувачот писмено прашал во понудата.

(2) Одредбата на став (1) од овој член особено се однесува на околностите за кои осигурувачот бара дополнителни податоци.

(3) Договорувачот, како и самиот осигуреник, должни се за време на траењето на осигурувањето да го известат осигурувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оценка на ризикот и кои се битни за договореното осигурување, особено ако осигуреникот за време на осигурувањето ја промени професијата, занимањето (пилот, пиротехничар-демонтер на мини, нуркач, рудар) или започне да се занимава со некои од спортовите (алпинизам, банџи-џампинг, параглајдинг, нуркање, летање со змеј) односно дејностите за кои осигурувачот пресметува доплатна премија.

(4) Договорувачот е должен, согласно став 3 од овој член, без одлагање да го извести осигурувачот за зголемувањето на ризикот, ако ризикот е зголемен со некоја негова постапка, а ако зголемувањето на ризикот се случило без негово учество тој е должен да го извести во рок од 14 дена од кога дознал за тоа.Договорувачот е должен, на барање на осигурувачот, да ги обезбеди од осигуреникот сите потребни податоци кои на него се однесуваат.

(5) Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот не би склучил договор ако постоела таква состојба во моментот на неговото склучување, тој може да го раскине договорот.

(6) Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот би склучил договор само со поголема премија да постоела таква состојба во моментот на склучувањето на договорот, тој може на договарачот на осигурувањето да му предложи нова стапка на премијата. Ако договарачот на осигурувањето не се

согласи со нова стапка на премијата во рок од 14 дена од приемот на предлогот на новата стапка, договорот престанува според самиот закон.

(7) Ако договорот за осигурување, вклучувајќи го и взаемното осигурување на живот, се склучува во име или за сметка на друг или во корист на трет или за туѓа сметка или за сметка на оној на кој се однесува, одредбите на ова поглавје и на поглавје VIII од овие Посебни услови се однесуваат и на тоа лице, ако знаело дека податоците кои се нужни за оцена на ризикот сенепотполни или неточни.

**Член 14**

(1) Договорот останува во сила и осигурувачот повеќе не може да ги користи овластувањата да му предложи на договарачот на осигурувањето нова стапка на премијата или да го раскине договорот, ако не ги искористи тиеовластувања во рок од еден месец од кога на кој и да е начин дознал зазголемувањето на ризикот, или ако уште пред истекот на тој рок покаже на некој начин дека се согласува со продолжувањето на договорот (ако ја прими премијата, исплати надомест за осигуран случај што настанал по тоа зголемување и слично).

(2) Ако осигурениот случај настане пред да биде известен осигурувачот за зголемувањето на ризикот или откако е известен за зголемувањето на ризикот, но пред да го раскине договорот, или да постигне спогодба со договарачот на осигурувањето за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер меѓу платените премии и премиите што би требало да се платат според зголемениот ризик.

**Член 15**

(1) Договорувачот е должен писмено да го извести Осигурувачот во случај на промена на адресата во полисата за осигурување на живот, како и за промена на адресата на електронското сандаче, пријавена од договорувачот, најдоцна во рок од 5(пет) дена од денот на извршената промена.

(2) Договорувачот е должен да го извести писмено Осигурувачот за секоја промена на адресата и местото на плаќање на премијата најдоцна во рок од 3(три) дена од извршената промена, во спротивно Осигурувачот го задржува правото сите писмена да ги испраќа на последната пријавена адреса од Договорувачот, и сите последици од испратените писмена на последната пријавена адреса од Договорувачот се сметаат за уредно доставени.

(3) Доколку Договорувачот, кај Осигурувачот достави адреса на електронско сандаче, Осигурувачот може да ги доставува писмената наменети за Договорувачот на наведената адреса на електронско сандаче.

## IX. НЕТОЧНА ПРИЈАВА

**Член 16**

(1) Ако договорувачот на осигурувањето намерно направил неточна пријава, или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачотне би склучил договор ако знаел за правата состојба на работите и околностите, осигурувачот може да бара поништување на договорот, и нема обврска да ја исплати осигурената сума.

(2) Во случај на поништување на договорот од причините наведени во став (1) од овој член, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за периодот на осигурувањето во кој побарал поништување на договорот, и не е должен да ја исплати осигурената сума.

(3) Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот престанува ако

тој во рок од 3 (три) месеци од денот на дознавањето за неточноста на пријавата или за премолчувањето не му изјави на договорувачот или корисникот на осигурувањето дека има намера да го користи тоа право.

**Член 17**

(1) Ако договорувачот на осигурувањето направил неточна пријава, или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може, по свој избор, во рок од еден месец од дознавањето за неточноста или нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.

(2) Во случаите од став (1) од овој член, Договорот престанува по истекот на 14 дена од кога осигурувачот својата изјава за раскинување му ја соопштил на договорувачот на осигурувањето, а во случај на предлог од осигурувачот премијата да се зголеми, раскинувањето настапува според самиот закон ако договорувачот на осигурувањето не го прифати предлогот во рок од 14 дена од кога го примил.

(3) Во случај на раскинување, осигурувачот е должен да го врати делот од премијата што отпаѓа на времето до крајот на периодот на осигурувањето.

(4) Ако осигурениот случај настанал пред да е утврдена неточноста или нецелосноста на пријавата или по тоа но пред раскинувањето на договорот, односно пред постигнувањето на спогодба за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер меѓу стапката на платените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик.

**Член 18**

Одредбите на членовите 16 и 17 на овие Посебни услови, за последиците од неточната пријава или премолчувањето на околностите од значење за оцена на ризикот се применуваат и во случаи на осигурувања склучени од името и засметка на друг, или во корист на трет или за туѓа сметка, или за сметка на оној на кого се однесува, ако овие лица знаеле за неточноста на пријавата или за премолчувањето на околностите од значење за оцената на ризикот.

**Член 19**

По исклучок на одредбите на оваа глава за последиците од неточни пријави и премолчување на околностите од значење за оцена на ризикот, за неточна пријава на староста во договорите за осигурување на живот важат следниве правила:

1) договорот за осигурување на живот е ништовен и осигурувачот е должен во секој случај да ги врати сите примени премии, ако при неговото склучувањенеточно е пријавена староста на осигуреникот, а неговата вистинска граница ја преминува границата на староста до која осигурувачот, според своите услови и тарифи, врши осигурување на живот;

2) ако е неточно пријавено дека осигуреникот има помалку години, а неговата вистинска старост не ја преминува границата до која осигурувачот врши осигурување на живот, договорот е полноважен, а осигурената сума се намалуваво сразмер со договорената премија и со премијата предвидена за осигурување на живот на лицата кои се на возраст како осигуреникот и

3) кога осигуреникот има помалку години отколку што е пријавено при склучувањето на договорот, премијата се намалува на соодветен износ, а осигурувачот е должен да ја врати разликата меѓу премиите примени и премиите на

кои има право.
4) ништовно е осигурувањето за случај на смрт на трето лице помладо од 14 години, и кога осигуреникот има помалку години отколку што е пријавено, а годините се под поставениот возрасен минимален услов за склучување на договор за осигурување на живот, односно лицето имало под 14 години живот, како и на лице наполно лишено од деловна способност, а осигурувачот е должен да му ги врати на договорувачот на осигурувањето сите премии примени врз основа на таков договор.

## X. ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 20

(1) Осигурувачот има обврска врз основа на договореното осигурување да му исплати на корисникот:

1. за случај на доживување по истекот на договореното траење на осигурувањето, осигурената сума за доживување и вредноста на инвестициското портфолио;

2. за случај на смрт на осигуреникот:
   2.1. целата осигурена сума и вредноста на инвестициското портфолио , без оглед на поминатото време на траење на осигурувањето:
      2.1.1. при осигурување договорено врз основа на лекарски преглед;
      2.1.2. ако настапи како последица на незгода и ако не е договорена сумата од точка 2.3. на овој став;
      2.1.3. поради пораѓање.
   2.2. половина од осигурената сума и вредноста на инвестициското портфолио при осигурување на живот договорено без лекарски преглед, ако смртта настапила како последица на болест во првата година од траењето на осигурувањето, а по истекот на тој рок, целата осигурена сума;
   2.3. осигурената сума за смрт од незгода, ако настапила смрт на осигуреникот како последица на несреќен случај, доколку е договорена дополнителна сума и во кој случај како составен дел на договорот за осигурување се применуваат одредбите на член 2 и 6 од Дополнителните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај со осигурување на живот.

(2) Ако е договорено взаемно осигурување, осигурувачот му исплаќа на корисникот на осигурувањето осигурена сума и вредноста на инвестициското портфолио според одредбите на став (1) на овој член и тоа:
1. за случај на доживување, кога двајцата осигуреници ќе доживеат истек на договореното осигурување,
2. во случај на смрт на едниот осигуреник или истовремена смрт на двајцата осигуреници.

(3) Осигурувачот има обврска во случај да дојде до припојување или ликвидација на отворениот инвестициски фонд каде се вложува премијата за вложување, да го извести договарачот, за настанатите промени на друштвото за управување со инвестициски фондови и без дополнителни трошоци да му понуди:
- да премине во друг фонд кај истото друштво за управување со инвестициски фондови или
- да премине во друг фонд кај друго друштво за управување со инвестициски фондови.

(4) По основ на понудата од претходниот став договарачот на осигурувањето треба да се произнесе во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

(5) Ако договарачот на осигурувањето не ја прифати можноста за премин во друг фонд согласно точка (3) од овој член, осигурувачот ќе смета дека настанал случај на доживување и на договарачот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио утврдена на денот на истекот на рокот од став 4) од овој член без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување.

(6) Ако договарачот на осигурувањето не се произнесе по основ на понудата во предвидениот рок од точка (4) од овој член, осигурувачот ќе смета дека договарачот на осигурувањето не ја прифатил понудата и ќе продолжи со постапката согласно точка (5) овој член.

## XI. ИСКЛУЧУВАЊА И ОГРАНИЧУВАЊА НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 21**

(1) Со договорот за осигурување за случај на смрт не е опфатен ризикот од самоубиство на осигуреникот, ако тоа се случило во првата година од осигурувањето. Во случај самоубиството да се случило во рок од три години од денот на склучувањето на договорот, осигурувачот не е должен да му ја исплати на корисникот осигурената сума, туку само математичката резерва и вредноста на инвестициското портфолио од договорот.

(2) Осигурувачот се ослободува од обврската да му ја исплати на корисникот осигурената сума, ако корисникот намерно предизвикал смрт на осигуреникот, но е должен ако дотогаш биле уплатени барем три годишни премии, да му ја исплати математичката резерва и вредноста на инвестициското портфолио од договорот на договорувачот на осигурувањето, а ако е тој осигуреник, на неговите наследници.

(3) Осигурувачот се ослободува од обврската од договорот за осигурување од несреќен случај, ако осигуреникот намерно го предизвикал несреќниот случај.

(4) Ако смртта на осигуреникот е причинета со воени операции, осигурувачот, ако нешто друго не е договорено, не е должен да му ја исплати на корисникот осигурената сума, но е должен да му ја исплати математичката резерва и вредноста на инвестициското портфолио од договорот. Ако не е договорено нешто друго, осигурувачот се ослободува од обврската од договорот за осигурување од несреќен случај ако несреќниот случај е причинет со воени операции.

(5) Во секој случај, осигурувачот не е обврзан да ја исплати осигурената сума туку само до тогаш насобраната математичка резерва и вредноста на инвестициското портфолио, ако смртта на осигуреникот настапила:

- како последица на војна или воени операции односно непријателства иситуации слични на војна,
- поради дејство на мини и бомби од сите видови или друго воено оружје,
- како последица на востание, немири, бунт и насилства кои настануваат од такви настани.
- со извршување на смрттна казна;
- поради земјотрес;
- поради поплави;
- како последица на директна или индиректна последица од атомска катастрофа;
- како последица на пандемија прогласена од страна на надлежно тело;
- како последица на епидемија прогласена од страна на надлежно државнотело;

- поради саботажа или тероризам извршен од политички побуди, насилство или други слични настани во кои учествувал осигуреникот;
- при подготвување, обид или извршување на казнено дело со умисла како и при бегство после такво дејствие;
- при управување со летала од сите видови, пловни објекти, моторни и други возила без соодветна возачка исправа (вклучувајќи и лице кое е на обука за добивање возачка исправа без присуство на овластено лице), или на нелагален начин управувало со моторно возило или лице кое е соучесник во таквиот чин;
- при управување на моторно возило од страна на возач почетник во случаите кога не сме да управува со возилото согласно одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- поради дејство на алкохол, наркотички droги или психотропни супстанци кај осигуреникот, без оглед на каква било одговорност на трето лице за настанокот на осигурениот случај. Се смета дека осигурениот случај настанал поради дејство на алкохолот, ако по настанокот на несреќниот случај е утврдено дека:
  - o кај осигуреникот кој управувал со возилото е присутна концентрација поголема од 0,5 g/kg на алкохол во организмот;
  - o кај останатите сопатници е присутна концентрација поголема од 1,00 g/kg алкохол во организмот, и ако таквата состојба имала причинска врска со настанокот на осигурениот случај.
- Како последица на нелегално извршување на работи од страна на осигуреникот кој не бил пријавен во задолжително социјалноосигурување;
- Како резултат на непридржување на осигуреникот кон предвидените мерки на безбедност и правилата за користење на соодветна заштитна опрема при извршување на работните задачи на работно место, пропишани со нормативни акти;

**Член 22**

(1) Ако посебно не се договори осигурително покритие или за време на траењето на осигурувањето договорувачот, односно осигуреникот не го извести осигурувачот во смисла на член 13 од овие Услови за зголемениот ризик кој дополнително би се договорил со доплатна премија и би се вклучил во полното осигурително покритие кога осигурувачот би знаел за зголемениот ризик, осигурувачот, ако осигурениот случај настапил како последица на тој зголемен ризик, е должен да ја исплати само до тогаш насобраната математичка резерва и вредноста на инвестициско портфолио,

(2) Ако не е посебно договорено и ако не е платена соодветна зголемена премија, договорените осигурени суми се намалуваат во сразмер помеѓу премијата што требало да се плати и дотогаш платената премија, кога ќе настане несреќен случај:

- при управување и возење на авион и летала од сите видови, како и при спортски скокови со падобран, освен во својство на патници во јавниот превоз;
- при рекреација од кој било вид, тренинг или учество на осигуреникот на јавни спортски натпревари во својство на регистриран член на аматерско или професионално спортско здружение и тоа за следните спортови: велосипедизам, баџи џампинг, картинг, хокеј, борење, џиу џицу, џидо, кајак, кошарка, возење со ролшули, летање со змај, падобранство, параглајдинг, рафтинг, санкање, воздухопловство, алпинизам,

автомобилизам, бокс, карате, кик бокс, мотоциклизам, мотокрос, фудбал, подводен риболов, нуркање, рагби, ракомет, скијање, скијашки спортови, тае –квон-до;

## XII. ПРАВА НА ДОГОВОРУВАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО ПРЕД НАСТАПОТ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

### Член 23

(1) Договорувачот може најдоцна 30 (триесет) дена пред почетокот на новата осигурителна години да побара промени по полисата.
(2) За промените во полисата кои се однесуваат на премијата и времетраењето на осигурителниот период, покрај условот од став 1 на овој член, треба да се поминати и најмалку 2 (две) години од моментот на склучувањето на договорот за осигурување.
(3) Осигурувачот може од оправдани причини да го одбие барањето на договорувачот**.**

### Член 24

(1) Договорувачот може да побара капитализација на осигурувањето без понатамошно плаќање на премијата со намалена договорена сума според Таблицата на намалени осигурени суми без понатамошно плаќање на премијата (капитализација).
(2) Капитализација на осигурувањето е возможна ако изминале 3 (три) години и ако е платена премија за 3 (три) години.
(3) Со капитализација престануваат да важат договорените дополнителни осигурувања и престанува обврската на осигурувачот од член 21, став (1) точка 2.3. од овие Дополнителни услови на осигурувањето. Осигурувачот писмено го известува договорувачот за намалените износи на осигурени суми.

### Член 25

(1) Осигурувачот може, на писмено барање на договорувачот, да ја исплати откупната вредност на полисата врз основа на Таблицата на откупни вредности, ако откупот е возможен.
(2) Откуп е возможен ако се платени 3(три) годишни премии и поминати 3 (три) години од почетокот на осигурувањето.
(3) Откупната вредност на полиста во тој случај е еднаква на вредноста на:
(4) инвестициското портфолио на таа полиса намалена за соодветна излезна провизија од страна на фондот која се пресметува согласно со договорот кој Друштвото го има со инвестицискиот фонд и
- откупната вредност наведена во таблицата на откупни вредности.
(5) Барање за откуп на полиста се доставува исклучиво писмено до осигурителот, а откупот на уделите се спроведува следниот работен ден од денот на поднесувањето на барањето за откуп. Исплататата на вредноста на трансакциска сметка во овој случај се врши во рок од 14 дена од денот на применото барање за откуп.
(6) Обврската на осигурувачот при откуп престанува во 0,00 часот оној ден во кој е исплатена откупната вредност.

## XIII. РАСПОЛАГАЊЕ СО ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 26

(1) На договорувачот му припаѓаат сите права од склучениот договор, сѐ додека не настапи осигурениот случај.

(2) Сите изјави и барања на договорувачот се обврзувачки за осигурувачот доколку се дадени во пишана форма или на образец на осигурувачот, и примени се од страна на осигурувачот пред да настапи осигурениот случај.
(3) Доколку корисникот умре пред да настапи осигурениот случај, осигурената сума не му припаѓа на неговите наследници, туку на следниот корисник, а ако тој не е одреден, тогаш на имотот на договорувачот.
(4) Своето право на осигурената сума корисникот може да го пренесе на друго лице и пред настапот на осигурениот случај, но за тоа му е потребна писмена согласност на договорувачот на осигурувањето во која мора да биденаведено името и презимето на лицето на кое правото се пренесува. Ако осигурување на живот се однесува на животот на некое друго лице, тогаш е потребна иста таква согласност и од тоа лице.

## XIV. ОБНОВА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 27**

(1) Осигурувањето на живот кое престанало да важи поради раскин на договорот или е претворено во осигурување со намалена осигурена сума без понатамошно плаќање на премијата (капитализација) може да се обнови на писмено барање на договорувачот, најдоцна во рок од 12 (дванаесет) месеци од истекот на месецот за кој е платена последната премија.
(2) Осигурувањето кое престанало да важи поради раскин на договорот може да се обнови само ако до денот на обновата се платени сите достасани премии под услов здравствената состојба на осигуреникот да е поволна за прифаќање во осигурувањето.
(3) Осигурувањето кое е претворено во осигурување со намалена осигурена сума без понатамошно плаќање на премијата (капитализација) може да се обнови ако здравствената состојба на осигуреникот е поволна за прифаќање во осигурувањето.
(4) Осигурувачот е должен барањето за обнова да ги прифати или да го одбие во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на барањето, а ако е потребен лекарски преглед, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на барањето. Ако осигурувачот во тие рокови не го одбие барањето, се смета дека го прифаќа, но само ако се исполнети сите услови за обнова.
(5) Обврската на осигурувачот од обновениот договор за осигурување започнува во 00:00 часот оној ден кога осигурувачот го прифатил барањето за обнова, ако до тогаш се исполнети сите претпоставки за обнова на договорот.
(6) Ако осигуреникот почине во рок од година дена од обновата на осигурувањето поради болест која ја премолчил при поднесувањето на барањето за обнова, а болеста е од таква природа што осигурувачот не би го прифатил во осигурување, осигурувачот е должен да ја исплати, не земајќи ги во обѕир премиите за обнова на договорот, само намалената договорена сума според Таблицата на намалени осигурени суми без понатамошно плаќање на премијата (капитализација), под услов премијата да е платена согласно со член 25, став (2) од овие Посебни услови. Ако премијата не била платена за три години според одредбите на член 25, став (2) од овие Посебни услови, не постои обврска на осигурувачот.

## XV. УЧЕСТВО ВО ДОБИВКА

**Член 28**

Договорувачот, осигуреникот односно корисникот немаат право за учество во распределба на добивка на осигурувачот.

## XVI. ПРИЈАВА НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

**Член 29**

(1) Осигуреникот или корисникот должни се по настапот на осигурениот случајда поднесат до осигурувачот писмена пријава.

(2) Пријавата се пополнува на образец на осигурувачот и со неа се поднесуваат следните документи:

1. ако настапила смрт на осигуреникот:
   - извод од матичната книга на умрените или некоја друга соодветна службена исправа која ја докажува смртта на осигуреникот,
   - доказ за причината на смртта,
   - потврда од лекарот кој последен го лекувал умрениот,
   - решение за наследување, ако како корисници со полисата се одредени законски наследници,
   - доказ за сродството, ако корисникот не е одреден со именување.
   - потврда за смрт и лекарски извештај за причини за смртта
   - копија од лична карта на корисникот на осигурувањето
   - копија од транскациска сметка на корисникот на осигурувањето
   - изјава за носител на јавна функција од корисникот на осигурувањето
   - комплет здравствена книшка или копија од здравствена книшка заверена на нотар;
   - комплет здравствен картон или копија од здравствен картон заверен на нотар
2. Ако настананало доживување и истек на полисата:
   - оригинал полиса за осигурување на живот
   - изјава за носител на јавна функција од корисникот на осигурувањето
   - копија од лична карта на корисникот на осигурувањето
   - копија од трансакциска сметка на корисникот на осигурување.

(3) Осигурувачот има право да бара и други докази потребни за утврдување направото на исплата.

(4) Подносителот на пријавата ги сноси трошоците кои настанале во врска сопријавувањето на осигурениот случај.

## XVII.ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНАТА СУМА

**Член 30**

(1) Осигурувачот е должен да го исплати надоместокот по договорот за осигурување во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот кога е примена пријавата за осигуран случај.

(2) Како исклучок, ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и нејзиниот износ е потребно одредено време, односно ако не може да се утврди основаноста за постоење на обврската на осигурувачот или висината на надоместот, рокот од став (1) на овој член почнува да тече од денот на утврдувањето на основаноста на обврската и нејзината висина.

(3) Осигурувачот во секој случај е должен да го исплати, на барање на овластено лице, неспорниот дел од својата обврска на име на аконтација, ако не е во можност да ја утврди вкупната обврска за исплатата во рокот утврден во став (1) на овој член.

(4) Ако осигурувачот не го исплати надоместокот во роковите и начинот пропишан во ставовите (1), (2) и (3) од овој член, должен е за задоцнетата исплата да плати законска казнена камата.

(5) Вредноста на инвестициското портфолио по доспевање на полисата се пресметува по цената на уделите на инвестицискиот фонд на последниот ден на важност на осигурувањето.
(6) Во случај на смрт на осигуреникот, а пријавата е примена во текот на траење на осигурувањето, вредноста на инвестициското портфолио се пресметува по цената на уделите на инвестицискиот фонд на 5 (петтиот) работен ден од денот на прием на пријавата за осигуран случај кај осигурувачот.
(7) Во случај на смрт на договорувачот на осигурувањето, а пријавата е примена по истекот на договорот за осигурување, вредноста на инвестициското портфолио се пресметува по цената на уделите на инвестицискиот фонд на последниот ден на важноста на осигурувањето.
(8) Ако за време на одредувањето на обврските постои контроверзност во врска со примена на даночните и други законски прописи осигурител веднаш ќе го плати неспорен дел од неговата обврска на име на аванс.
(9) Кога осигурувачот ќе ја исплати осигурената сума на лицето кое на неа би имало право во случај кога корисникот не е одреден од страна на договорувачот, осигурувачот е ослободен од обврската на договорот, ако во моментот на исплатата не знаел ниту можел да знае дека корисникот е одреден со тестамент или со некој друг акт кој не му е доставен. Корисникот има право да бара поврат на исплатата од лицето кое одосигурувачот ја примило осигурената сума. Истото важи и во случај на промена на корисникот на осигурувањето.

## XVIII. КОРИСНИК

**Член 31**

(1) Договорувачот го одредува корисникот во полисата.
(2) Корисникот не мора да биде одреден по име, туку е доволно во полисата да се наведени нужните податоци за неговото одредување.
(3) Кога за корисници се одредени децата или потомците, користа им припаѓа и на оние кои се родени подоцна, а користа наменета на сопружникот му припаѓа на лицето кое било во брак со осигуреникот во моментот на неговата смрт.
(4) Ако корисникот е малолетно лице, осигурената сума се исплаќа на сметка на малолетното лице за која осигурувачот е известен од законски старател на малолетното лице. Во случај на спор, се постапува согласно позитивните законски прописи.
(5) Договорувачот може и со некој подоцнежен правен акт, вклучувајќи и тестамент, да именува лице на кое му припаѓа правото од договорот.
(6) Право на исплата на осигурената сума има само корисникот и тоа од самото склучување на договорот, без оглед на тоа како и на кој начин е одреден за корисник.

## XIX.ВАЛУТА НА ОБВРСКАТА

**Член 32**

(1) Ако премијата е договорена во ЕВРА, премијата се уплаќа во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.
(2) Вредноста на инвестициското портфолио е изразена во денари, од уплатата во денари се пресметува делот наменет за вложување.
(3) Осигурената сума договорена во ЕВРА се исплаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, а вредноста на инвестициското портфолио се исплаќа во

денари без индексирање со девизи.

## XX. ИЗДАВАЊЕ НА ЗАМЕНСКА ПОЛИСА

**Член 33**

(1) Договорувачот е должен да го пријави кај осигурувачот исчезнувањето на полисата веднаш откако дознал дека исчезнала и да го објави нејзиното исчезнување во службен весник на Република Северна Македонија.

(2) Осигурувачот може, за винкулирана или заложена полиса или полиса на која е забележена некоја друга правна работа, како и за полиса до одредена висина на осигурената сума, да бара извршување на амортизациска постапка, односно да го условува издавањето на заменската полиса со доставување на правосилна судска пресуда со која исчезнатата изворна полиса се прогласува за неважечка.

(3) Осигурувачот издава заменска полиса во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на исчезнатата полиса во Службен Весник на Република Северна Македонија, односно од денот на правосилноста на судската пресуда.

(4) Договорувачот ги сноси сите трошоци во врска со издавањето на заменската полиса.

## XXI.НАДОМЕСТОЦИ

**Член 34**

(1) Договорувачот е должен на осигурувачот однапред да му плати надомест за сите услуги кои посебно ги бара од осигурувачот за времетраење и по истекот на осигурувањетово висина која ја определува и ќе ја побара осигурувачот.

(2) Договорувачот се обврзува, заедно со договорената премија, да ги плати и сите давачки воведени со важечите прописи.

## XXII.ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ

**Член 35**

(1) Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:

1) Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;
2) Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3) Организација за заштита на потрошувачи, и
4) Агенција за супервизија на осигурување

(2) Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.

## XXIII. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 36**

(1) Сите лични податоци со кои Друштвото располага како резултат на склучувањето на договорите за осигурување ќе бидат користени и обработувани во согласност со Законот за заштита на личните податоци и во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци кај КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – АД Друштво за осигурување на живот Скопје.

## XXIV. ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 37**

(1) Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставките.
(2) Страните се согласни дека сите спорови што ќе произлезат од Договорот за осигурување, ќе се обидат да ги решаваат вонсудски на мирен начин.
(3) Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ќе го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување на живот.
(4) По основ на приговорите од став (2) на овој член осигурувачот е должен да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.
(5) Во случаите кога договорувачот, осигуреникот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот не се придржува кох одредбите од Договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органотнадлежен за вршење на надзор на осигурувачот-Агенција за супервизија на осигурување.

## XXV. ЗАСТАРЕНОСТ

**Член 38**

Побарувањата од договорот за осигурување на живот застаруваат во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи.

## XXVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

(1) Договорувачот на осигурувањето/осигуреникот со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучувањето на Договорот за осигурување писмено се известени од страна на осигурувачот за сите податоци согласно членовите 49 и 50 од Законот за супервизија во осигурувањето и дека пред склучувањето на осигурувањето им е оставено разумно време за донесување на конечна одлука за склучување на Договорот за осигурување. Согласно ова, договорувачот/осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени и за правото за поднесување на жалба.
(2) Во случај на судски спор надлежен е стварно и месно надлежен суд во седиштето на осигурувачот.
(3) За односите помеѓу осигурувачот и договорувачот, како и на другите лица на кои се однесува осигурувањето на живот, а кои не се уредени со овие Посебни услови, се применуваат применуваат Законот за облигациониодноси, и останатите позитивни законски норми.

**Член 40**

Овие услови влегуваат во сила и ќе се применуваат од 01.10.2022 година.